ascia
australasian society of clinical immunology and allergy
www.allergy.org.au

**Information**
**FOR PATIENTS, CONSUMERS AND CARERS**

# Прва помош во случај на Анафилакса (First Aid for Anaphylaxis)

## ЗНАЦИ НА БЛАГА ДО УМЕРЕНА АЛЕРГИСКА РЕАКЦИЈА

- Отекување на усните, лицето, очите
- Осип или отоци
- Пецкање на устата
- Болки во стомакот, повраќање (тоа се знаци на анафилакса за алергија од инсекти)

## ПОСТАПКИ ПРИ БЛАГА ДО УМЕРЕНА АЛЕРГИСКА РЕАКЦИЈА

- За алергија на инсекти - извлечете го осилото ако е видливо
- За алергија на крлежи - замрзнете го крлежот и пуштите да отпадне кога ќе се осуши
- Останете со лицето и повикајте брза помош
- Најдете го адреналинот (епинефрин) со самовбризгувачкиот шприц
- Телефонирајте му на семејството / најблиски род за итни случаи

Благи до умерени алергиски реакции (како што се осип или отекување) **не мораат секогаш** да настанат пред почеток на анафилакса (тешка алергиска реакција)

## ВНИМАВАЈТЕ ЗА СЛЕДНИТЕ ЗНАЦИ НА АНАФИЛАКСА

- **Тешко / бучно дишење**
- **Отекување на јазикот**
- **Оток / стегање во грлото**
- **Отежнато дишење или постојана кашлица**
- **Тешкотии при зборување и / или рапав глас**
- **Постојана вртоглавица или колапс**
- **Бледи и млитави (млади деца)**

## ПОСТАПКИ ПРИ АНАФИЛАКСА (ТЕШКА АЛЕРГИСКА РЕАКЦИЈА)

**1. Лицето треба да лежи рамно**
**НЕ ДОЗВОЛИТЕ МУ да застане или да оди**
**Ако лицето е несвесно, ставете го во положба за оживување**
**Ако дишењето му е отежнато овозможите му да седне**



**2. Дадете му адреналин со самовбризгувачкиот шприц**
**3. Телефонирајте за брза помош - 000 (АВ) or 111 (НЗ)**
**4. Телефонирајте му на семејството / најблиски род за итни случаи**
**5. Дополнителни дози на адреналин можат да се дадат ако нема реакција по 5 минути**
**6. Префрлете го лицето во болница за најмалку 4 часа набљудување**

**Ако не сте сигурни, дадете инјекција на адреналин со авто-вбризгувачот**

**Веднаш почнете со давање на вештачко дишење, ако лицето не реагира и не дише нормално**

**СЕКОГАШ давајте го ПРВО самовбризгувачкиот шприц со адреналин, а потоа инхалатор за астма.** Ако некој со утврдена астма и алергија на храна, инсекти или лекови има НЕНАДЕЈНИ ТЕШКОТИИ ПРИ ДИШЕЊЕТО (вклучувајќи недостаток на здив, постојана кашлица или рапав глас), дури и ако нема никакви симптоми на кожата

© ASCIA 2017 ASCIA is the peak professional body of clinical immunology/allergy specialists in Australia and New Zealand

Translated by the WSLHD Translation Service June 2017
Macedonian